РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје - Shkup

Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Бр. / Nr. 02- 398/2
17 -04- 2025 20 год. / viti

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted], генералниот секретар на Инспекцискиот совет донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted] од 02.04.2025 година.

**Образложение**

На 02.04.2025 година, [redacted] до Инспекцискиот совет достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-398/1 од 02.04.2025 година, со коешто тоа во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена следната информација:

- „Записници од вонреден инспекциски надзор на работата на АД ГТЦ Скопје, од Државен пазарен инспекторат и Државен инспекторат за техничка инспекција, наш бр. 06/2022 од 23.02.2022 и 11/2022 од 12.04.2022, Ваш број 16-275/9 од 14.04.2022".

Во предметното Барање, барателот навел дека бара содржината на бараната информација да му се достави во фотокопија на посочената е-адреса [redacted]

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведениот предмет, во прилог Ви доставуваме скенирани копии од:

- Записник за извршен инспекциски надзор на Државен пазарен инспекторат, ИП бр. 09-13-887 од 01.03.2022 година;
- Записник за извршен инспекциски надзор на Државен пазарен инспекторат, ИП бр. 09-13-887 од 14.03.2022 година;
- Записник за извршен инспекциски надзор на Државен пазарен инспекторат, ИП бр. 09-13-887 од 25.03.2022 година и
- Записник за инспекциски надзор ИП 1 09-108 од Државен инспекторат за техничка инспекција.

ул. „ДамеГруев"бр. 3, блок 2, локал 5, 1000 Скопје

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
Сара Николовска

Републикa Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ - KËSHILLI INSPEKTUES
Скопје
Shkup

Доставено:
- до барателот на информацијата (во електронска форма) и
- во архивата на Инспекцискиот совет.

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор